**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**

**ул. “Велко Влаховиќ’’ бб, 1250 Дебар | тел.046/831-600 | e-mail: contact@osdebar.mk**

**СУ бр.01-2 /2024-1**
**01.02.2024 год.viti**
**Д Е Б А Р**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2023 ГОДИНА



**Дебар, Февруари 2024**

**С О Д Ж И Н А**

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД ............................................стр.1**

**2.СУДСКА УПРАВА…..............................................................................стр.2**

**3.КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД............................................стр.3**

**4.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДЕЛ.........................................стр.3**

**4.1. Кривичен оддел...............................................................................стр.3**

**4.2. Граѓански оддел...............................................................................стр.6**

**5.КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДЕЛ......................................стр.11**

**6.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ.........................................................стр.11**

**7.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.............................................................................стр.13**

**8.СУДСКА ПРАКСА..................................................................................стр.14**

**9.ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА........................................................................стр.14**

**10.ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА..........................................................стр.14**

**11..ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ.................стр.15**
**12.ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ................................стр.16**

**12.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СУДОТ...................................................стр.16**

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

**Основнен суд Дебар**, согласно член 32 од Законот за судови (Службен весник на РМ бр. 58/06 од 11.05.2006 година) е Суд со основна надлежност и месна надлежност за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа.

Основен суд Дебар, како независен државен орган, суди врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, со што ја обезбедува единствената примена на правото и заштита на човековите права.

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегува од Законот за судовите, Судот со ангажирање на сите вработени работеше на целосна реализација на Програмата за работа на судот за 2023 година. Работа на судот е органирана во два оддели:Кривичен оддел и Граѓански оддел.

Со Распоредот за работа на сидиите и вработените во Основен суд Дебар за 2023 година, во кривичниот оддел постапувал 1 судија а во граѓанскиот оддел постапувале 2 судии ( во која бројка е и претседателот на судот).

Основен суд Дебар извештајната 2023 година ја започна со остаток 410 предмети, а ја заврши со остаток од 385 предмети и го намали заостатокот во однос на минатата година за 25 предмети.

Во следна табела е прикажано движењето на предмети по сите основи на ниво на суд во 2023 год.

| **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **410** | **10312** | **57** | **5** | **10774** | **10389** | **385** |

Според бројот на примени и решени предмети, Судот во извештајната 2023 година го совлада приливот на предмети, а со тоа го намали заостатокот во однос на претходната година за 25 предмети и оствари резултати на ажурен суд.

Според статистичките податоци на движење на предметите на ниво на Суд, во извештајната година приливот на предмети во ондос на претходната година, кога изанесувал 10.848 предмети е за 479 предмети. Намалување на приливот на предметите има во следните уписници и тоа: во КУИКП за 8 прдемети, ИКП за 8 предмети, ИСАМ за 3 предмети, Кривично полнолетни за 18 предмети, РКП за 288 предмети, КПП за 2 предмети, ЗАМ за 4 предмети, ПРК за 39 предмети, оставина-О за 47 предмети, РВП за

63 предмети, ЗАВ за 217, предмети, Приговор за неправилности при извршувањето - ППНИ за 4 предмети,РО за 18 предмети.

Во извештајната година во споредба со претходната 2022 година се констатира зголемување на прилив на предмети во следните уписници: Кривчен совет вон расправа – КС за 60 предмети, ИПРК за 123 предмети, О1 за 3 предмети, ВПП за 73 предмети, ИДС за 9 предмети, Семејни -П2 за 6 предмети, Имотни-П1 за 11 предмети и Облигациони – П4 за 5 предмети.

**- Времетрањето на постапката**

Од вкупно решените 9812 предмети во која бројка не се опфатени бројот на решени 314 предмети судска управа и 263 предмети оставина во работа на повереник, времетрањето на постапката е следната:

-До 1 месец решени се 8891 предмети или 96,2%
-Од 1-3 месеци решени се 248 предмети или 2,65 %
-Од 3-6 месеци решени се 45 предмети или 0,48% , и
-Над 6 месеци решени се 54 предмети или 0,58 %

## 2. СУДСКА УПРАВА

Во 2023 година вкупниот број на предмети судска управа е 314 предмети и во однос на претходната 2022 година има намалување за 40 предмети.

Во текот на извештајната година сите предмети судска управа се завршени.

**Табела 2. преглед на движење на предмети судска управа.**

| **Вид на предмети судска управа** | **Нерешени предмети на почеток** | **Новопримени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Су-Су.01-07** | 0 | 282 | 0 | 282 | 282 | 0 |
| **Су-ДОВ** | 0 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| **СУ -ИЗЗ** | 0 | 14 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| **УПП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **СПИ** | 0 | 12 | 0 | 12 | 12 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **314** | **0** | **314** | **314** | **0** |

## 3. КВАЛИТЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во 2023 година на ниво на суд, од решените предмети во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно 72 предмети, од кои 51 предмети се од новопримени и 21 предмети од повторно во работа.

Од обжалените а вратени предмети од второстепен суд, вкупно се 65 предмети, од кои 42 предмети со одлука потврдена, 4 предмети со одлука преиначена, 18 предмети со одлука укината и 1 предмет со одлука отфрлена.

**Табела 3. Кавалитет на предмети на ниво на суд**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1170 | 42 | 3.58 | 18 | 1.53 | 4 | 0.34 |

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

### 4.1.Предметно работење Кривичен оддел

Во кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 4013 од кои 24 предмети пренесени како нерешени од претходната година.Од вкупно 4013 предметите во работа, новопримени се 3998 предмети и 15 предмети повторно во работа.

Решени предмети во кривичниот оддел по сите основи се 3988 прдемети.

На карајот на извештајната година во кривичниот оддел останале нерешени 25 предмети од кои 12 новопримени предмети и 3 предмети повторно во работа.

**Табела 4. Предметно работење на ниво на Кривичен оддел**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | 3977 | 13 | 1 | 4013 | 3988 | 25 |

Во следната табела искажано е движење на предмети по уписник во Кривичен оддел во 2023 година.

| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмети** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Повикување на лица на издржување казна затвор - КУИКП | 17 | 27 | 44 | 34 | 10 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал - ИКП | 0 | 16 | 16 | 16 | 0 |
| Извршување на прекршочни глоби,трошоци и паушал - ИПРК | 0 | 228 | 228 | 228 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **17** | **271** | **288** | **278** | **10** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмет и** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни - К | 7 | 74 | 81 | 77 | 4 |
| Разни кривични предмети - РКП | 0 | 3016 | 3016 | 3016 | 0 |
| Кривични предмети претходна постапка полнолетни – К - ПП | 0 | 31 | 31 | 31 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кривичен совет - вон расправа - КС | 0 | 143 | 143 | 132 | 11 |
| Замолници кривична област - ЗАМ К | 0 | 6 | 6 | 6 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **7** | **3270** | **3277** | **3262** | **15** |
| **Вид предмети** | **Прекршочни** | | | | |
| **Прекршочни-ПРК (ПРК-Ј,ПРК-С,ПРК-О)** | **0** | **445** | **445** | **445** | **0** |
| **Разни прекршочни предмет РПРК** | **0** | **3** | **3** | **3** | **0** |
| **Вкпно ви предмети** | **0** | **448** | **448** | **448** | **0** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДЕЛ** | **24** | **3989** | **4013** | **3988** | **25** |

Со распоредот за работа на судиите за 2023 година, во кривичниот оддел постапувал судијата Оруч Абазовски, а во случај на негова спреченост постапувал судија од граѓанскиот оддел.

**Судијата Оруч Аабазовски**, на почетокот на извештајната 2023 година имал 26 предмети од кои 17 предмети повикување на лица на издржување на казана –КУИКП, 6 прдемети кривично полнолетни-К од кои 5 новопримени и 1 повторно заведени предмети.

Во 2023 година судијата по сите основи примил 808 предмети од кои 796 предмети новопримени и 12 предмети повторно заведени .

Вкупно во работа по сите основи судијата имал 831 предмети од кои 5 предмети СУ, 14 предмети КПП, 78 предмети кривично полнолетни-К, 44 предмети повикување на лица за издржување казна затвор-КУИКП, 288 предмети извршивање на прекршочни глоби, трошоци и паушал-ИПРК, 6 предмети ЗАМ-К, 440 предмети прекршоци.

Решил 818 предмети од кои 808 предмети новопримени и 10 предмети повторно во работа.

На крајот на извештајната година кај судијата Оруч Абазовски останале нерешени 13 прдемети од кои 3 предмети кривично полнолетни –К од повторно заведени предмети и 10 предмети повикување на лица за издржување на казна затвор-КУИКП.

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | 796 | 12 | 1 | 831 | 818 | 13 |

Во текот на извештајната година кај решените предмети од судијата во кои дозволена жалба, обжалени се 22 предмети и тоа 8 предмети кривични полнолетни –К и 12 прекршочни предмети.

Од вратените обжалени предмети од второстепен суд, кај судијата вкупно се 12 предмети, од кои 10 предмети кривични полнолетни( 6 предмети со одлука потврдена и 4 со одлука укинати) и 2 предмети прекршоци ( 1 предмет со одлука укината и 1 предмет со одлука отфрлена).

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажан во следната табела:

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 660 | 6 | 0.90 | 5 | 0.75 | 0 | 0 |

**4.2.Предметно работење Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 6447 од кои 386 предмети пренесени како нерешени од претходната година.Од вкупно 6447 предметите во работа, новопримени се 6377 предмети и 70 предмети повторно во работа.

Решени предмети во граѓанскиот оддел по сите основи се 6087 прдемети тоа 6043 новопримени и 44 повторно во работа прдемети.

На крајот на извештајната година во Граѓанскиот оддел останале нерешени 360 предмети од кои 334 новопримени и 26 предмети повторно во работа.

**Табела 4.1. Предметно работење на ниво на Граѓански оддел**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Ршени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 386 | 6020 | 44 | 4 | 6447 | 6087 | 360 |

Во следната табела искажано е движење на предмети по уписник во граѓанскиот оддел во 2023 година.

| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Оставина-О | **309** | **227** | **536** | **263** | **273** |
| Оставина по приговор –О1 | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| Физичка делба - ВПП1 | **4** | **7** | **11** | **3** | **8** |
| Разни вонпарнични предмети - РВП | **0** | **505** | **505** | **505** | **0** |
| Вон парнични предмети - ВПП | **7** | **113** | **120** | **109** | **11** |
| Заверки - ЗАВ | **0** | **5070** | **5070** | **5070** | **0** |
| **Вкупно вид предмети** | **320** | **5926** | **6246** | **5954** | **292** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Приговор против | 0 | 13 | 13 | 13 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| неправилности во извршувањето - ППНИ | | | | | |
| Издавање на дозвола за извршни дејствија - ИД | 0 | 11 | 11 | 11 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **24** | **24** | **24** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Парнични мала вредност - МАЛВ П | 7 | 13 | 20 | 9 | 11 |
| Платни налози по приговор - ПЛП | 1 | 3 | 4 | 3 | 1 |
| Повторување постапка парнични – ПОВ П | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Семејни спорови - П2 | 8 | 34 | 42 | 34 | 8 |
| Работни спорови - РО | 16 | 3 | 19 | 17 | 2 |
| Имотни спорови - П1 | 29 | 37 | 66 | 28 | 38 |
| Облигациони спорови - П4 | 5 | 19 | 24 | 17 | 7 |
| **Вкупно вид предмети** | **66** | **111** | **177** | **109** | **68** |
| **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **386** | **6061** | **6447** | **6087** | **360** |

Во Граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Основен суд Дебар за 2023 година, постапувале Престеседателот на судот,судија Мерсим Марку и судија Дамјан Илсоки.

**<u>Претседателот на судот</u>, <u>судијата Мерсим Марку</u>**, освен работите во надлежност на претседател на суд, во 2003 година постапула и како судија. По сите основи вкупно во работа имал 9269 предмети, во која бројка опфатени се предметитете во надлежност на престедател на суд.Како судија постапувал по предмети и тоа: 14 предмети КПП, 2 предмети крвично полнолетни-К, 5 предмети прекршоци-ПРК, 8 парнични мала вредност-ПМлав, 1 предмет ПОВП, 8 работни спорови-РО, 2 Платни налози по приговор- ПЛП, 13 ППНИ, 67 вонапарнични предмети-ВПП, 30 имотни спорови-П1, 42 семејни спорови-П2, 2 оставина по приговор-О1, 505 разни вонапрнични предмети-РВП, 8 физичка делба-ВПП1 и 11 облигациони спорови-П4.

Решил по сите основи 9218 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 61 предмет од кои 45 новопримени предмети и 6 повторно во работа, и тоа: 1предмет кривично полнолетни -К, 10 предмети Кривичен совет-КС, 4 предмети парнични мала вредност, 1 предмет работни спорови –РО, 3 ВПП, 15 имотни спрови-П1, 8 семејни спрови-П2, 7 предмети фичка делба и 2 облигациони спрови-П4.

| **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Ршени предмети** | **Остаток на предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | 9220 | 18 | 2 | 9269 | 9218 | 51 |

Во текот на извештајната година кај предмети решени од претседателот на судот во кои дозволена жалба, обжалени се 39 предмети од кои 19 предмети од новопримени и 10 предмети од повторно заведени предмети.

Од вратените обжалени предмети од второстепен суд,кај претеседателот на судот судија Мерсим Марку, вкупно се 31-триесет и еделе предмет, од кои 19-деветнаесет предмети со одлука потврдена ( 2 предмети КС, 2 предмети ПМАЛВ, 1 предмет РО, 3 предмети ППНИ, 7 имотни спорови, 2 семејни спорови), 2-два предмети со одлука преиначена ( 1 предмет ППНИ и 1 предмет семејни спорови) и 10-десет предмети со одлука укинати( 1предмет ППНИ, 4 предмети имотни спорови, 1 предмет семејни спорови, 1 предмет О1, 1 предмет физичка делба и 2 предмети облигациони спорови.

Во однос на решени предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажан во следната табела.

| **решени предмети** | **потврдени** | | **укинати** | | **преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| 289 | 19 | 6..57 | 10 | 3.46 | 2 | 0.69 |

**<u>Судијата Дамјан Илоски</u>,** во извештајната 2023 година по сите основи вкупно во работа имал 135 предмети од кои 36 предмети пренесени од претходната 2022 година.Решил по сите основи 90 предмети и тоа: 5 предмети Малвп, 10 предмети работни спорови-РО, 1 прдемет приговор против платен налог-ПлП, 45 вонпарнични предмети, 13 имотни-П1, 2 оставина по приговор-О1, 2 предмети физичка делба, 8 предмети облигациони-П4, 3 предмети КПП, и 1 предмет К.бр.На крајот на годината кај судијата останале нерешени 47 премети и тоа:7 предмети Малвп, 1 предмет Пов.П, 1 работни спорови, 1 предмет платни налози по приговор, 8 вонапарнини предмети, 23 имотни спорови, 1 предмет физичка делба и 5 предмети облигациони спорови.

| **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | 85 | 7 | 0 | 135 | 90 | 47 |

Во текот на извештајната година кај решените предмети во кои дозволена жалба обжалени се 15 предмети од кои 13 предмети од новопримени и 2 предмети од повторно заведени предмети.

Од вратените обжалени предмети од второстепен суд, вкупно се 22-даваесет и дава предмети, од кои 17-седумнаесет предмети со одлука потврдена ( 1 предмет кривично полнолетни-К, 1 предмет Малвп, 5 предмети работни спорови, 6 предмети имотни спорови, 1 предмет О1, и 3 предмети облигациони спорови, 7 имотни спорови, 2 семејни спорови), 2-два предмети со одлука преиначена ( облигациони спорови) и 3-три предмети со одлука укинати ( имотни спорови).

Во однос на решени предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажан во следната табела.

| **решени предмети** | **потврдени** | | **укинати** | | **преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| 87 | 17 | 19.54 | 3 | 3.44 | 2 | 2.29 |

## 5.КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ

### . 5.1.Квалитет на предмети  Кривичен оддел

Во извештајната година во Кривичниот оддел по предмети во кои е дозволена жалба обжалени се вкупно се 26 предмети од кои 9 кривично понолетни, 3 предмети Кривичен совет во расправа, и 14 прекршочни предмети.

Од вратените обжалени предмети од второстепен суд, во крвичниот одел вкупно се 15 предмети од кои 9 предмети со одлука потврдени, 5 предмети со одлука укинати( 4 предмети крвично полнолетни и 1 прекршочен предмет) и 1 предмет со одлука отфрлена

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба,  кавалитет на предемети во кривичниот оддел е прикажан во следната табела:

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 932 | 9 | 0.96 | 5 | 0.53 | 0 | 0 |

### 5.2.Квалитет на предмети Граѓански оддел

Во 2023 година во Граѓанскиот оддел, обжалени се вкупно 42 предмети од кои 25 редовни и 17 повторно заведени предмети.

Во текот на 2023 од обжалени предмети вратени од второстепен суд вкупно се 43 предмети од кои 33 предмети со одлука потврдена, 13 предмети со одлука укината и 4 предмети со одлука преиначена.

Во однос на решени предмети во кои е дозволена жалба,  квалитет на предемети во Граѓански оддел е прикажан  во следната табела

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 238 | 33 | 13.86 | 13 | 5.46 | 4 | 1.68 |

## 6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година на ниво на суд по сите основи вкупно во работа имало 254 предмети од кои 160 стари предмети пренесени од претходната година и 94 стари предмети регистрирани во текот на годината. Решени се 76 стари предмети од кои 1 предмети кривично полнолетни-К, 7 предмети повикување на лица за издржжување на

казна затвор- КУИКП, 1 предмет Парнични мала вредност-МАЛВП, 54 предмети оставина –О, 11 предмети имотни –П1 и 2 предмети физчка делба.

На крајот на извештајната година остале нерешени 178 стари предмети, кои во следната табела се искажани по години и уписник.

| **Уписник** | **Година** | | | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2011** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | |
| Кривични полночлетни -К | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **1** | **2** |
| Повикување на лица за издржување на казна затвор-КУИКП | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** |
| Имотни-П1 | **1** | **0** | **0** | **1** | **0** | **2** | **1** | **0** | **0** | **4** | **9** |
| Облигации-П4 | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** |
| Парнични мала вредност-МАЛВП | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** |
| Вонпарнични предмети-ВПП | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3** | **0** | **3** |
| Оставина | **3** | **3** | **6** | **7** | **8** | **18** | **15** | **30** | **23** | **48** | **161** |
| **Вкупно** | **4** | **3** | **6** | **8** | **8** | **20** | **17** | **30** | **27** | **55** | **178** |

**7.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**А)Судска функција**

Согласно Одлуката на Судски Совет на РМ од 26.11.2015 година, за утврдување на бројот на судиски места по судови, утврдено е судската функција во Основен суд Дебар да ја вршат 5 – пет судии.

Од судиските места пополнети се 4- четири места од кои 1-едно е во мирување поради избор на судијата Илир Исени за Заменик директор во Академија за судии и јавни обвинители Скопје.

Во 2023 година судската функција во Судот ја извршуваа три судии влкучувајќи го и претседателот на судот.

**Б) Судска служба**

Со Правилникот за внатрешна организација и ситематизација на работни места во Основен суд Дебар, работите од судската служба е предвидено да ги извршуваат 55 извршители од кои 45 судски службеници, 8 извршители судска полиција, 3 извршители помошно ехнички работи.

Во 2023 година со оглас за вработување, вработен еден извршител на неопредлено време на работно место архивар, додека со договор за вработување на опредлено време вработени се два изврешители и тоа еден на работно место судски референт прием и експедиција на пошта и еден извршител хигеничар.

Во декември 2023 година, со спогодба за преземање на службеници се вработени два извршители на работно место помлад судски соработник.

Во 2023 година работните задачи од судската служба ги извршувале 23 извршители од кои 1-еден извршители со договор за вработување на опредлено време.

Од стручните судски службеници се 5 извршители, од помошно стручните судски службеници се 13 извршители, од припадници на судска полиција се 4 извршители и 1 извршител од помошно технички работи

Потребно е во 2024 година да се пополнат упразнети работни места и тоа: 1-еден извршител судски референт прием и ескпедиција на пошта и 1-еде извршител хигеничар.

Од стручните судски службеници потребно е вработување на 1-еден извршител еден соработник толкувач, поради зголемениот обем на работа со примена на законот за употреба на јазиците.

Судиите и судските службеници во текот на извештајната година согласно Програмата за обуки на Академијата за судии и обвнители Скопје, учествуваа на обуки.

## 8.СУДСКА ПРАКСА

Во 2023 година, согласно распоредот за работа на судиите на овој суд, по однос на судкста пракса е опредлен судијата Дамјан Илоски.По предлог на судијата на седница на судии беа разгледувани обжалените вратените предмети од Апелационен суд Гостивар, при тоа се завземале ставови за користење на потврдените одлуките како судска пракса.

Во текот на извештајната година се користеле закчучоци за одредени прашања донесени од повисоките судови.

## 9.ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Согласно Законот слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл.весник на РМ. бр.13/06,86/08,6/10, 148/15, 55/16 и 64/18), во 2022 година до овој суд доставени се 12 – дванаесет барања, на кои во предвидениот законски рок позитивно е одговорено.

Основниот суд Дебар, по повод 25 –Октомври Европски ден на правдата секоја година организира посета на судот од страна на ученици од четврта година од СОУ “29 Ноември “ Дебар.

Согалсно член 9 од Закон за управување со движење на предметите во судовите (Сл.весник на РСМ бр., во текот на 2023 година на Веб – страницата на судот објавени се 91 правосилни одлуки.

Во текот на 2023 година, Претсдеателот на судот имаше средба од преставници на медиумите и тоа од ТВ Канал 3 (локална телевизија за подрачјето на општините Дебар, Центар Жупа и Маврово –Ростуше), при што беа информирани со работа на судот.

Од страна на овластениот судски службеник - Советник информатичар, Веб – страната на судот редовно се ажурира со податоци од работењето на судот, како и со сите потребни информаци за странките.

Во текот на извештајната година до Судот не се доставени барања во однос на објавените одлуки на веб страната на судот.

## 10.ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Основен суд Дебар, информатичката опрема е во добра состојба, но сепак има потреба од обновување дел од компјутерите , набавување на уште 5-пет персонални комјутери, 5- пет печатари и 2два скенери.Исто така потребно е да се опреми судница 1 со опрема за тонско снимање на рочишта по кривиниите предмети.

Имено,Судот располага со серверска конзола тип Fujitsu на која се инсталирани 5 виртуелни машини, 28 работни станици - персонални компјутери, мрежен принтер со фотокопир и скенер, локален скенер,15 локални ласерски печатари.

За тонско снимање Судот поседува од опремата на СРС ФЕМИДА програма, која е во функција и се користи во судницата за одржување на рочишта по граѓански предмети.

Во извештајната година Основен суд Дебар ги применуваше сите потребни програмски апликаци без проблеми и тоа: АКМИС системот, веб страната на судот системот за електронска достава, системот за електронско прием на акти и тонско снимање на рочиште.

Во судот во целост се користи електронската достава преку која до странките се доставуваат скенираните иницијални акти и актите изготвени од страна на судот.

Во текот на извештајната година во 301 предмети е извршена електронска достава на писмена.

Судиите и судските службеници имаат пристап на интернет услугата.

Писмената комуникација преку канцеларијата на Претседателот на судот и судските службеници се врши по електронски пат преку службени емаил адреси.

## 11.ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Зградата на судот е лоцирана на ул.Велко Влаховиќ бб , Дебар , истата е од типот ПП + кат. Дел од работните простории на судот се на вториот кат од деловниот објект „Мимоза“, кој дел е поврзан со зградата на судот со меѓукатни скали. Во овој дел се сместени: 2-две судници, кабинетот на претседателот на судот, 4 кабинети за судии и 2 канцеларии за судски службеници, сите се во добра состојба.

Работните простории се опремени со основните средства и инвентар, објектот има свој систем за греење –парно на течно гориво-ЕЛ 1, во секоја работна просторија има клима уред. Во судската зграда сместено е Основното јавно обвителство Дебар, кое користи четири работни простори на приземје, санитарен чвор , како и еден на подрумска просторија. ОЈО Дебар учествува во трошоците за греење со набавка на нафта за греење во количина од 900 литри.

Во зградата на судот - стар дел, на приземје се наоѓа просторијата наменета за шалтерско работење и просторија за архива на судот.

На кат стара зграда се наоѓаат пет канцеларии за судската администрација, просторија во која е сместен софтверот и просторија наменета за адвокати. Во овие простори имаат потреба од обновување на подот и столаријата(врати и прозори).

Безбедноста на вработените, странките и опремата на судот се врши со 4 извршители судски полицајци и видео надзор.

## 12.ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Со Годишниот план за јавни набавки на судот за 2023 година, планирани се следните јавни набавки: набавка на канцелариски материјали и материјали за хигиена, набавка на печатени материјали, набавка на тонери, набавка на масло за греење ЕЛ -1, набака на услуга осигурувањена имот на судот.

Во текот на извештајната година, од планираните јавни набавки преку системот за јавни набавки во постапка од мала вредност завршените се следните јавни набавки: набавка на канцелариски материјали и материјали за хигиена, набавка на печатени материјали, набавка на тонери, набавка на масло за греење ЕЛ-1 и набавка на услуга осигурување на имот на судот..

Покрај сопствените јавни набавки, судот во 2023 година преку групна јавна набавка има реализирано набавки за интернет и телефонска услуга и хартија за печатар.

## 13.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СУДОТ

Во врска со финансиското работење на Основниот суд Дебар во текот на 2023 година, од Буџетот на РСМ се одобрени средства во износ од 22.254.529,00 денари. Од овие средства од конта 401 и 402-за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените во судот, потрошени се средства во износ од 18.107.825,00 денари, за конто 404-надоместоци потрошени се 304.660,00 денари и за конто 421-комунални услуги се потрошени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

На конто 423-материјали и ситен инвентар се потрошени средства во износ од 400.000 ,00 денари, од кои најголем дел се потрошени на канцелариски материјал и тоа износ од 107.367,00 денари.

На конто 424-поправки и тековно одржување се потрошени средства во вкупен износ од 39.000,00 денари.

На конто 425-Договорени услуги имаме потрошено 290.000,00 денари.

Овие средства го опфаќаат најголемиот дел од трошоците на судот, и тоа: судска порота, адвокатски трошоци, судски вештачења, договори на дела, примарна здравствена заштита и судски преведувачи.

Од наведената сума на име:
-за осигурување на недвижности платено е 22.031,00 денари.
-адвокатски трошоци платено се 189.120,00 денари.
-за судски вештачења платено е 42.480,00 денари.
-за судски преведувачи потрошено е 1.111,00 денари.
-за порота и договори на дело исплатено е 54.480,00 денари.

На конто 426-други тековни расходи потрошени се средства во износ од 44.999,00 денари.

За објавување на огласи 16.520,00 денари и за други оперативни расходи износ 6300,00 денари.

- На конто 464- разни трансвери се потрошени 682.938,00 денари
- На конто 480 - купување на опрема и машини потрошено е 103.938,00 денари.

Основен суд Дебар освен со буџетска сметка располага и со сопствена сметка 631, на која на 31.12.2023 година има салдо во износ од 182.835,00 денари,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**
**MERSIM MARKU**

**Изготвил:**
Судски советник,
Мевмед Муратоски с.р.